GS1 Македонија

# Збирка на текстови за Digital Link

Напомена:

Овој материјал е селекција на прилагодени и на македонски преведени написи преземени од веб страници на трети страни кои соработуваат со Глобалната GS1 Организација во работни тела и други видови на работни тела, со цел развој, имплементација и примена на GS1 стандардите во областа на Дигиталните Технологии. Материјалот се состои од три куси извадоци на преземените материјали, а целосните написи можете да ги прочитате на наведените линкови, а во самите написи се дадени и линкови и објаснувања и линкови до дополнителни материјали на застапените теми. Сето тоа можете да го прочитате и/или преземете во изворната форма на англиски јазик, бесплатно и без барање на дозвола. Доколку материјалите ги преземате со цел како целина или делови да ги вклучите во научни трудови, потребно е дадените линкови соодветно да ги рефенцирате како извор.

*Преземено од:*
*http://www.qualityassurancemag.com/article/gs1-digital-link-standard-to-help-brands-connect-consumers-with-product-information/*

# *GS1 Digital Link Стандардот – помош на Брендовите да ги поврзат Потрошувачите со Информации за Производите*

Mobile-ready Hero Images упатството е исто така воведено за подобрен и оптимизиран приказ на слики на производите на мобилни уреди.

16ти Август, 2018 година

GS1, глобалната организација за стандарди за размена на информации, го ратификуваше новиот глобален Веб стандард и упатство за да ѝ помогне на индустријата да го оптимизира онлајн купувачкото искуство.

Бидејќи бизнисите веќе започнаа да развиваат и нудат решенија засновани врз новиот GS1 Digital Link стандард, брендовите и трговците се стекнаа со можност баркодовите да ги применат на веб страниците и да им обезбедат на потрошувачите директна врска со бренд-авторизирани податоци за производите и содржината, вклучувајќи слики на производите, рокови на трајност, нутритивни факти, регистрација на гаранциите, упатства за поправка, понуди за ценовни намалувања и поволности итн. Дополнително, GS1 Mobile Ready Hero Images Упатството ја стандардизира комбинацијата на слики на производите и информациите при преглед на мобилните уреди.

Развиен од страна на меѓународната работна група на трговци на мало, сопственици на брендови, провајдери на решенија и технолошки експерти - GS1 Digital Link е дигитално оспособен, глобално уникатен идентификатор кој се однесува како URL веб адреса.  GS1 Digital Link се потпира на сѐприсутноста на интернетот и носачите на податоци, вклучувајќи ги и баркодовите или QR-кодовите, за да овозможи понуда на решенија кои им помагаат на потрошувачите да се поврзат директно со бренд-авторизираните информации за производите веднаш преку пакувањата на производите.

„Денес, точните податоци за производот и транспарентноста на информациите се од критична важност за информирање во текот на носење на одлуките за купување", изјави Кери Вилки, заменик-претседател, одговорен за развој на стандарди во GS1 US. „Со користење на GS1 Digital Link, секој производ сега може да биде автоматски поврзан на веб и претставен во јасен, прецизен конзистентен формат кој ја поттикнува интеракцијата на брендовите, трговците и потрошувачите, вклучувајќи ги и можностите за зајакнување на поврзувањето со производите".

За синџирите на снабдување, GS1 Digital Link може да обезбеди важни безбедносни информации во врска со транспортот или отстранувањето на производот, како и фотографски докази за синџирот на сопсвеност и одговорност на производот за да се докаже автентичноста, изјавија од GS1. Пилот-проектите се во тек, бидејќи провајдерите на решенија и сопствениците на брендови веќе соработуваат за надградба на нивните платформи за поддршка на овој нов стандард.

Препознавајќи ја важноста на сликите и јасната комуникација со информации за производите за искуството на купувањето преку мобилните уреди, Mobile Ready Hero Images Упатството им помага на брендовите да обезбедат конзистентна слика преку спецификација на најдобрите практики за прикажување на четирите критични информации за производите во стандардизиран формат: бренд, формат, варијанта и димензии. Во упатството, исто така, се дадени спецификации и препораки за прикажување сликите на мобилните уреди.

„Како што онлајн шопингот расте експоненцијално, од суштинско значење за индустријата е соработката во насока на подобрување на достапноста на информациите за производите, нивната точност и разбирливост. Со ратификацијата на GS1 Digital Link и упатството за слики и GS1 Mobile Ready Images, компаниите од целиот свет ќе бидат поподготвени да ги задоволат потребите на гладните за индормации потрошувачи", вели Роберт Бејдмен, виш потпретседател за решенија и иновации во GS1.

GS1 Digital Link и GS1 Mobile Ready Hero Images Упатството се резултат на работата на форумот за соработка - Global Standards Management Process (GSMP), поддржан, менториран и ослеснет од GS1, во кој бизнисите кои се соочуваат со идентични предизвици во работењето, работат заедно на развојот на решенија базирани врз стандарди. За повеќе информации за GS1 US, посетете ја страницата www.gs1us.org; за GS1, www.gs1.org и за GS1 Македонија www.gs1mk.org.mk.

Преземено од:
https://evrythng.com/upgrading-the-barcode-to-the-web-gs1-digital-link/

# Унапредување на Баркодовите на Веб: GS1 Digital Link

Автор: Доминик Гинард (Dominique Guinard) Директор за Технологија Директор & Ко-основач на Evrything)

15ти Август, 2018 година

Со голема чест ја објавуваме ратификацијата на GS1 Digital Link Стандардот (односно GS1 Web URI), едноставна но револуционерна пресвртница за трилионите баркодирани производи ширум светот.

Накусо, GS1 Digital Link ги унапредување на баркодовите за да: 1) можат да се скенираат со мобилни телефони (и други мобилни уреди); 2) да бидат поврзани на Веб преку вградување на Веб адресите наместо само бројките; обезбедат присуство на еден стандарден баркод со кој се пристапува до било која апликација наместо на прилагодување на баркодовите за различни апликации.

Сега е време сè (Evrything) да се поврзе на Веб! Ние ја координиравме работната група за развој на стандарди на GS1 која ја дефинираше оваа нова спецификација и со нетрпение очекуваме да споделиме повеќе детали на овој блог.

EVRYTHNG цврсто верува во моќта на стандардите: глобалните стандарди претставуваат еден од најдобрите начини за масовно зголемување на бројот на иновациите. Оние кои го следат EVRYTHNG би можеле да се потсетат дека во 2015 година го донесовме првиот нацрт на стандардот Web of Things standard at W3C кој беше користен како основа за претстојниот W3C WoT стандард. Оттогаш овој стандард е широко прифатен од големите играчи, вклучувајќи ја и Mozilla.

Додека W3C WoT стандардот овозможува поврзување на уредите на Веб, се прави превид на фактот дека многу од „нештата" во Интернетот на Работите (IoT) — нештата или производите не се уреди, како што се Стоките за Широка Потрошувачка (FMCG), Пакуваните Потрошувачки Производи (CPG) и производите како што е облеката и модните додатоци.

Потрошувачките брендови на производи се во суштината на она што платформата EVRYTHNG IoT го поддржува. Нашата прва апликација уште во 2012 година беше за давање на уникатен дигитален идентитет на шишиња виски на интернет за да се овозможи дигитално подарување (digital gifting). Оттогаш поврзавме близу милијарда серијализирани Пакувани Потрошувачки Производи и облека и модни додатоци Веб. Иако е сево ова одлично, сепак со цел да се олесни усвојувањето во масовниот обем - ние требаше да се движиме надвор од сопствената иновација на EVRYTHNG кон отворен стандард. Така нашата заедничка работа со GS1 создаде нов стандард кој ќе овозможи на секој уникатен производ автоматски да се поврзе на Веб со дигитален идентитет.

GS1 е организација за глобални стандарди одговорна за трилиони баркодови со кои се означени производите што ги користиме секој ден. Како Провајдер на GS1 Решенија, решивме дека е време да се пристапи кон организацијата за стандарди со нашата идеја да создадеме нов стандард за поддршка на веб-базирани дигитални идентитети за секојдневните производи за широка потрошувачка. За среќа бевме пречекани со согласност и за возврат, бевме замолени да ко-претседаваме со работната група која го разви новиот стандард. По една година, десетици работни сесии, прототипови, терenски тестови - ние сме многу среќни да објавиме дека стандардот GS1 Digital Link е ратификуван!

Кон овој напис и содржините објавени на блогот на Evrything и GS1 материјалите на кои и Evrything ги споделува можете да пристапите на следниов линк.

Преземено од:
https://evrythng.com/evrythngs-support-for-the-gs1-digital-link-a-k-a-the-only-barcode-youll-ever-need/

# Поддршката на Evrything за GS1 Digital Link (т.е. единствениот Баркод кој било кога ќе ви биде потребен)

Автор: Перен Бредли (Perraine Bradley), Директор за Производи во Evrything

29ти Август, 2018 година

Објавувањето на новиот GS1 Digital Link стандард – според зборовите на Директорот за Технологија и ко-основач Доминик Гинард - беше момент на пресврт во индустријата за широка потрошувачка во целина. Без разлика дали сте бренд, компанија за пакување, компанија за логистика или продавач на услуги, овој нов стандард најверојатно ќе има влијание врз вашиот бизнис на еден или друг начин.

Перен Бредли, Директор за Производи, исто така е фокусиран на изградба на основните карактеристики на платформата EVRYTHNG. Дел од овој сет на основни карактеристики е GS1 Digital Link. Ако веќе не сте, можете да го прочитате претходниот блог за GS1 Digital Link за да добиете подобар увид.

*Што е GS1 Digital Link?*

GS1 Digital Link стандардот го дефинира поставувањето онлајн на вашиот производ. Поддржан е со постојните GS1 Апликациони Идентификациони Идентификатори. За повеќе информации посетете ја оваа страница, а целиот напис на горе наведениот линк.